*Виолета АЧКОСКА* **УДК: 328(497.7) „1919/1929"**

# ПОЛИТИЧКИТЕ ПРИЛИКИ И ПАРЛАМЕНТАРНИОТ ЖИВОТ ВО МАКЕДОНИЈА КАКО ДЕЛ ОД ЈУЖНА СРБИЈА 1919-1929 ГОДИНА[1]

***Кратка содржина***

*Во трудот се анализираат покарактеристичните моменти кои даваат специфичен печат на положбата на Македонија како јужна српска покраина во првиот период на парламентарниот живот на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците 1919-1929 година. Направен е кус нужен осврт на периодот 1903-1918 година без кој не може да се проучува историјата на македонскиот „долг" XX век, ниту, пак, историјата на парламентаризмот во Македонија како јужна српска покраина. Негирањето на македонската национална посебност, економското ограбување и политичкото насилство создавале незадоволство речиси кај сите слоеви на македонското население, со исклучок на малкумина кои биле во служба на големосрпскиот режим. Економската неразвиеност и непросветеност на македонскиот народ поради долгиот период на туѓи владеења врз Македонија, непостоењето традиции на демократија и политичко организирање, националната подреденост итн. до краен степен ги ограничувале можностите за развој и функционирање на парламентарниот живот. Истовремено, продолжиле дипломатските игри на балканските држави, кои по поделбата на Македонија се надевале на ново поместување на границите во своја корист. Поради активноста на Внатрешната македонска револуционерна организација (автономистичка), која со помош на Бугарија вметнуваше вооружени чети во Македонија и реваншизмот на српските жандармериски, воени и паравоени формации, македонскиот народ беше изложен на ужасен терор. Во сиромашниот парламентарен живот во Македонија беа доминантни режимските српски партии преку кои Македонците не можеле да ги реализираат своите политички, национални и социјални барања.*

***Клучни зборови:*** *ЈУЖНА СРБИЈА, МАКЕДОНИЈА, ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ, ПАРЛАМЕНТАРИЗАМ, АСИМИЛАЦИЈА*

---

[1] Територијата која Кралството Србија ја добило со поделбата на Македонија по 1913 година („новоослободени краеви") и делот од Јужна Србија, Косово и Метохија и Санџак, биле именувани како Јужна Србија. Така, терминот *Јужна Србија* не се однесувал само на делот од Македонија под српска власт, но, сепак, често се употребувал и само за Македонија. Во трудот делот од српска Македонија се именува како Вардарска Македонија, јужна покраина или само Македонија, а се однесува на тогашната „Јужна Србија".

Војните и делбите на Македонија во втората деценија на XX век (1912-1918) оставија длабоки траги во животот на Македонците и се одразија на нивната понатамошна националноослободителна борба.[2] Со поделбата на Македонија на егејски, вардарски и пирински дел „е разделен на три дела еден жив организам, кој сега е принуден да функционира секој за себе“.[3] Македонскиот народ се нашол под власта на три различни балкански држави со различни културни и историски традиции. Кралството Грција, Кралството на Србите, Хрватите и Словенците (Кралство СХС) и Кралството Бугарија имале негаторски однос кон посебноста на македонскиот народ. Спроведувајќи политика на асимилација, етничко чистење и терор, колонизација на немакедонски етнички елементи на територијата на Македонија (особено во Северна Грција) итн.,[4] тие настојувале, по секоја цена, да направат од Македонците Јужносрбијанци, Грци-славофони или Македонски Бугари.

Надевајќи се во погодна можност на промена на границите, секоја во своја корист, балканските држави, со многубројни дипломатски акции и притисоци на меѓународен план, го докажувале својот (историски) легитимитет над територијата на Македонија.[5] Во овие рамки, македонското прашање, најчесто, било камен на сопнување за градење подобра меѓународна клима на Балканот.[6]

Со создавањето на Кралството СХС (1 декември 1918), „новите јужни краеви“ влегоа во рамките на оваа држава „така што 16 окрузи и 59 околии на Македонија, Косово, Метохија, Санџак и Црна Гора сè до 1929 година биле дел од покраината *Јужна Србија*“.[7] Во Кралството СХС (по 1929 година Кралство

---

[2] По завршувањето на Првата светска војна, во Неји, Франција, на 27 ноември 1919 година биле санкционирани одредбите на Букурешкиот договор од август 1913 година, со мали измени. Од територијата на Македонија, чија површина опфаќала 67.741,2 км2, на Грција ѝ припаднал најголем дел, 35.169 км2; на Кралството Србија 25.774 км2; на Бугарија 6.798 км2; еден мал дел од територијата на Македонија останал во границите на Албанија. Поделените територии на Македонија добија условни географски одредници: Вардарска Македонија (според реката Вардар) како дел од Кралството СХС, Пиринска Македонија (според планината Пирин) во рамките на Кралството Бугарија и Егејска Македонија (според Егејско Море) во состав на Кралството Грција. *Историја на македонскиот народ,* ред. Тодор Чепреганов, (Скопје: Институт за национална историја, 2008), 212-225.

[3] Славко Милосавлевски, *Социологија на македонската национална свест,* II, (Скопје: Љуботен, 1997), 209.

[4] Стојан Киселиновски, *Етничките промени во Македонија (1913-1995),* (Скопје: Институт за национална историја, 2000), 29-61.

[5] Виолета Ачкоска, „Историјата како потреба помеѓу минатото и сегашноста“, *Годишен зборник на Филозофски факултет - Скопје*, 61, (2008), 217-233.

[6] Државен архив на Република Македонија (ДАРМ), 1.1396.4.2/ 2-4/ ÖSTA, Arhiv der Republik, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1919-1921, k-1; ДАРМ, 1.1396.4.26 /83-88/; ДАРМ, 1.1396.4.26 /83-88/; ДАРМ, 1.1396.4.29/93-97/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1926-1929, k-3).

[7] Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941,* (Београд: Институт за новију историју Србије, 2011), 15.

Југославија) живееле повеќе народи и десетина национални малцинства, но, и покрај тој факт, под влијание на српската политика, државата била организирана како еднонационална, држава на еден народ со три имиња, или народ со три племиња: Срби, Хрвати и Словенци.[8] Југословенската идеја била оската околу која требало да гравитира процесот на создавање една голема модерна држава и нација на Балканот. Србија ја презела улогата на *Пиемонт* на таквата интегративна идеја, посебно поради фактот што со формирањето на Југославија, сите Срби ќе живеат во една држава. Времето ќе покаже дека и самата Србија не била доволно допрена од процесите на европската модернизација за да биде моторна сила и предводник на цивилизацискиот, историскиот и политичкиот преврат во различните конституитивни делови на Кралството,[9] иако во однос на Македонија биле видливи промените во начинот на живеење на луѓето, што било чекор понапред во однос на состојбите пред балканските војни. На патот на националната хомогенизација, основна пречка биле различните традиции, култури и идентитет, како на припадниците на признаените, така и на останатите националности кои не припаѓале на „троимениот народ“. Процесот на обединување бил далеку побрз „од созревањето и подлабокото прифаќање на самата идеја, кое однапред создавало претпоставки за идни судири“.[10]

Националната нерамноправност, економската неразвиеност и непостоењето демократски капацитет и традиции биле основната пречка за развој на парламентарниот живот во Кралството.[11] Ова особено важело за Македонија, која до 1912 година беше дел од Османлиската Империја. Стопански неразвиена, со силни остатоци на феудализмот, особено на село, каде што живеело три четвртини од населението, без парламентарни традиции, Македонија, во рамките на југословенското назадување во однос на европскиот развој, ја зазела речиси најдолната стапка. Притоа, само во кусиот период 1908-1910 година, за време на младотурскиот режим, во Македонија заживеал извесен парламентарен живот.

Тоа е период кога по неуспешното Илинденско востание (1903) и физичките ликвидации на најголемиот број од предводниците на Тајната македонско-одринска револуционерна организација (ТМОРО),[12] како и недоволниот ангажман на

---

[8] Владимир Ортаковски, *Малцинствата на Балканот* (Штип, Скопје: 2 Август, 1998), 129.

[9] Љубодраг Димић, „Србија 1804-2004 (суочавање са прошлошћу)“, in *Србија 1804-2004 – три виЍења или позив на дијалог*, ed. Милан Ристовић (Београд: Удружење за друштвени историју, 2009), 67-68.

[10] Коста Николић, „Српски 20. век – век изгубљене историје“, *Историја 20 века*, 26, 2 (2008), 476.

[11] Со оглед на фактот дека недостасувале основните предуслови за развиток на парламентаризмот, „извршната власт можела да се издигне над парламентарните институции, не почитувајќи ги нив дури ни формално. Судирите на националните буржоазии околу внатрешното уредување на државата и немилосрдните пресметки на режимот со револуционерното работничко движење ја соголувале парламентарната фасада и ја поткопувале нејзината кршлива основа уште од првите денови на животот на Кралството“. Бранко Петрановиќ, *Историја Југославије 1918 - 1978*, (Београд: Нолит, 1980), 92.

[12] Македонската револуционерна организација (МРО) формирана во Солун на 23 октомври

големите сили за реформи во Македонија, младотурците направиле обид да ја спасат Империјата која пропаѓала. Биле воведени елементи на парламентарен живот, при што право на политичко организирање добиле и припадниците на немуслиманските народи. Во овие рамки, меѓу другото, од особена важност за македонскиот народ беше формирањето на Народната федеративна партија (НФП), која решавањето на македонското прашање, во новите услови, го гледала во рамките на демократска Турција, со извојување на обласна самоуправа за Македонија.[13] За жал, овој краткотраен период на парламентарен живот бил прекинат поради отпорите на старите конзервативни сили во Турција. Неуспешните обиди за демократизација и европеизација на Турција доведоа до тоа таа да ги изгуби своите владенија на Балканот. Во овие промени на политичката карта, балканските држави добија територијални проширувања на сметка на етногеографска Македонија.

По освојувањето на дел од територијата на Македонија во Балканските војни, започнала силна кампања на Кралството Србија за преименување на Македонија со различни имиња преку кои побрзо и полесно ќе ја прикажат и во земјата и надвор среде меѓународната јавност „новата реалност". Стара Србија, името на територијата од Србија и Косово под турска власт, и Македонија до 1912 година често се поврзуваа заедно во политичкиот речник и во српските научни и културни кругови. По 1912 година, за кратко се пласира ново име - „Нова Србија", која била оценувана како значајна придобивка за Кралството Србија.[14] Така, иако српските политички врвови го претставувале освојувањето и владеењето над Македонија како историско право

1893 година, во 1894 година го добила името ТМОРО. Нејзина цел беше да извојува автономија за Македонија и Одринско како чекор кон нивно политичко осамостојување. На Рилскиот конгрес во 1905 година, ТМОРО беше преименувана во ВМОРО (Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација). Во периодот по 1908 година, МРО доживува различни трансформации, но во колективната меморија на македонскиот народ останал називот Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО). *Сто години ВМРО. Златна книга,* (Скопје: Глас на ВМРО-ДПМНЕ, 1993); Иван Катарџиев, *Сто години од формирањето на ВМРО, сто години револуционерна традиција,* (Скопје: Мисла, 1993).

[13] Партијата се залагала за спроведување аграрна реформа во корист на македонското селанство, организирање просвета и задолжително осумгодишно образование на мајчин јазик, општо и еднакво право на глас, слобода на зборот, печатот, здружувањето, национална и верска рамноправност итн. Манол Пандевски, „Македонското ослободително движење меѓу 1903 и 1918 година: развојни фази, внатрешни диференцијации, политички групации, појави и облици", in *Македонија во војните 1912-1918,* ed. Манол Пандевски (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1991), 27-31.

[14] Така, д-р Јефто Дедиер во својата книга „Нова Србија", објавена 1913 година, ќе напише: „Посматрајќи ја географската карта, се гледа дека сегашна Србија загосподарила со најважните точки во внатрешноста на Балканскиот Полуостров. Таа владее со сите оние области што го сочинуваат таканареченото балканско јадро. Но, најважно е тоа што Србија завладеа речиси со целата Моравско-вардарска Долина и дека ѝ обезбеди добри природни граници. На тој начин, Србија го доби клучот од најважните географски точки во внатрешноста на Балканскиот Полуостров и поради тоа на пат е да стане најважна балканска држава". Д-р Јевто Дедијер, *Нова Србија*, (Београд: Штампарија „Доситеј Обрадовић ", 1913), 21.

кое произлегувало од периодот на средновековната српска држава,[15] сепак, биле сосема јасни други цели - дека во Македонија лежат „стратегиските клучеви на главното влијание на Балканот" како најважно транзитно подрачје на патот за Егеј и Мала Азија.[16]

Во рамките на освојувачката програма, српските окупаторски власти, во првата половина на 20 век, имале можност два пати да владеат со дел од Македонија. Првиот период на српската окупација од крајот на 1912 година, односно од септември 1913 година до октомври-ноември 1915 година, до заминувањето на српските окупаторски власти од Македонија, е запомнат во колективната меморија на македонскиот народ како „прво српско". Во овој период, како реакција на српската власт во Македонија дошло до востанички дејства и тоа во јуни 1913 година избувнало Тиквешкото востание,[17] а во септември истата година Охридско-дебарското востание (т.н. Македонско-албански бунт).[18]

И покрај тоа што делот од Македонија („новоослободените краеви") бил сметан за српска територија, наместо да ги применува сите одредби на Уставот на Србија, Кралството Србија донело две посебни уредби за овој дел од државата. Тоа се „Привремена уредба за уредување на новоослободените краеви" од 14 декември 1912 година и „Уредба за уредување на ослободените краеви" од 18 август 1913 година[19] Со овие уредби биле предвидени специјални мерки за воспоставување и одржување на српската власт во споменатите краеви. Сепак, овој период бил релативно краток за да може да се етаблира една посистематска политика за

---

[15] Ханс-Лотар Штепан, *Македонскиот јазол – идентитетот на Македонците прикажан на примерот на балканскиот сојуз (1878-1914)* (Скопје: АЗ-БУКИ, 2004), 61-65.

[16] Милорад Екмечић, *Ратни циљеви Србије 1914*, (Београд: Просвета, 1990), 220.

[17] Пласирајќи ја тезата дека Тиквешаните се стари Срби асимилирани од Бугарите и дека ним им треба повторното враќање на „српскиот" корен, српскиот командант на Кавадарци, полковникот Урошевиќ, ги презел потребните мерки за тие „повторно да станат Срби". Ситуацијата ескалирала по применетото насилство од страна на српските воени власти. Српските воени единици, помогнати од државните чети на Василие Трбиќ, Јован Бабунски и Јован Долгачот, како и од вооружени турски башибозуци (на Јаја-ага), при задушувањето на востанието убиле околу 1.200 души, додека 2.700 биле затворени. Биле изгорени околу илјада куќи и дуќани, најмногу во Кавадарци и во Неготино. Точниот исход на српските злосторства во Тиквешијата е даден во извештајот на Карнегиевата комисија: Raport of the international commission to Inquire into the Causes and Conduct of THE BALKAN WARS, WASHINGTON, D,C. 1914. Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Предавствата и атентатите во македонската историја,* (Скопје: Макавеј, 2004), 177-182.

[18] Во септември 1913 година избувнало Охридско-дебарското востание, во чии рамки соработувале припадниците на ВМРО и албанските револуционерни сили. *Српски документи за историјата на Охридско-струшкиот регион (1890-1940),* ed. Павле Митрески, (Струга: 2002), 182; Виолета Ачкоска, Никола Жежов, op.cit, 182-186.

[19] Владан Јовановић, *Југословенска држава и Јужна Србија 1918-1929, Македонија, Санџак, Косово и Метохија у Краљевини СХС* (Београд: Институт за новију историју Србије, 2002), 27.

денационализација, иако на тој план, во рамките на промената на аграрните односи, е планирана српска колонизација на „југот" со чисто политички цели.[20]

По пробивот на Македонскиот фронт,[21] во текот на октомври 1918 година во „новоослободените краеви" била воспоставена полициско-жандармериска мрежа и целокупната српска административно-управна власт. Со прогласувањето на Кралството СХС, Македонија, како дел од Кралството Србија, беше приклучена кон новата држава. Со тоа започнува вториот период на српската окупација во Македонија 1918-1941 година, односно „второ српско".

За српските државни власти Македонија беше српска територија, односно дел од „Јужна Србија", а по 1929 година дел од „Вардарска бановина". Македонскиот народ се третирал како дел од српскиот народ, односно како Јужни Срби (Јужносрбијанци). Бидејќи не биле признати како посебен народ, Македонците немале политички, национални, јазични и културно-просветни права. Српскиот јазик бил службен и единствен задолжителен јазик во администрацијата и образованието. На Македонците им било забрането да формираат легални културни, просветни, уметнички и други друштва за негување и развивање на својата култура на мајчин македонски јазик.[22]

Целокупната образовна политика била во служба на асимилаторските цели. Образовната програма во основното образование, во средните училишта, како и на Филозофскиот факултет во Скопје исклучиво била подредена на намерата да се создаде српска свест кај младите поколенија.[23] Наставата се изведувала исклучиво на српски јазик, и тоа претежно со наставен кадар доведен од други делови на земјата. Просветниот кадар од македонско потекло и, воопшто, македонските интелектуалци циклично биле преселувани во Србија и во Црна Гора.

Како резултат на пет-шестгодишните војни (1912-1918), мобилизациите во туѓите војски, изгубените животи, разурнувањата, реквизициите и напуштањето на домовите поради фронтовите и репресиите од страна на туѓите власти и војски,

---

[20] „Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914", *Српски извори за општествено-политичката, економската и културно-просветната положба во Македонија по Балканските војни*, ed. Глигор Тодоровски (Скопје: Институт за национална историја, 1979), 111-114, 200-203, 288-302, 337-338, 388-391.

[21] Во српската историографија Македонскиот фронт се именува како Солунски фронт.

[22] Марија Јовановиќ, *Просветно-политичките прилики во Вардарскиот дел на Македонија (1918-1929),* (Скопје: Институт за национална историја, 1983), 120-123; Кирил Миљовски, *Македонското прашање во националната програма на КПЈ 1919-1937,* (Скопје: Просвета, 1962), 62; Климе Џамбазовски, „Средните училишта во Прилеп меѓу двете светски војни", in *Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941,* 3, (Прилеп: Друштво за наука и уметност, 1988), 199-206.

[23] Во 1920 година бил отворен Филозофски факултет, малку подоцна формирано и Скопско научно друштво, музеј, народна библиотека, архив и други институции. Сите тие требало да ја истражуваат и проучуваат Македонија за да докажат дека таа е стара српска земја, а нејзиниот јазик дијалект на српскиот јазик. ДАРМ, ф: Филозофски факултет, к-1 (1919-1941); к-2 (1922-1940).

населението во Македонија било доведено на работ на егзистенција. Во првите години на Кралството СХС, особено влошена социјална положба се чувствувала на македонското село каде што владеел глад за земја, сиромаштија и непросветеност.[24] Најчесто прашањето за земјата се користело во предизборните кампањи на српските партии, но сето тоа останувало само како демагошко ветување на партиските лидери кое немале намера да го реализираат.

Во рамките на аграрната реформа во 1919 година, започнала да се спроведува и мерката колонизација со чисто политички цели. Со цел да го изменат етничкиот карактер на Македонија, меѓу другото, српските влади започнале со населување „национално свесни“ колонисти („проверени“ Срби), преку кои истовремено сакале да создадат цврсти пунктови во оваа сè уште несигурна област. Целите на колонизацијата се потврдуваат, меѓу другото, и со фактот дека од сите области на Кралството, Македонија била најмногу колонизирана. Овие колонисти биле населувани на места со стратегиско значење со цел да се контролира движењето на македонското население и успешно да се влијае на процесот на неговата србизација.[25]

Конкурентската борба помеѓу балканските држави по Првата светска војна продолжила, меѓу другото, да се води низ нелегални оружени дејства што ги презела обновената автономистичка Внатрешна македонска револуционерна организација (ВМРО) во Бугарија.[26] Истовремено биле присутни различни форми на подземна борба, насочена кон вршење атентаторско-самоистребувачка акција помеѓу самите Македонци - емигранти во Бугарија. Овие акции биле диригирани, главно, од Софија, а подоцна и од Белград.[27] Пограничните оружени инциденти и слични

[24] Тоа било резултат од ниските откупни цени на македонските земјоделски производи (тутун, афион, памук и градинарски култури), екстензивниот начин на производство, слабата платежна моќ и задолжувањата заради исплата на даноците и долговите итн. Виолета Ачкоска, *Егзодусот на македонското селанство во социјализмот*, (Скопје: Макавеј, 2007), 48.

[25] Според повеќето извори, бројот на населените колонисти во Вардарска Македонија, во периодот 1919-1941 година е различен и се движи некаде помеѓу 3.957 и 4.325 колонистички семејства. Додека во Босна, од вкупната земја опфатена со аграрната реформа, колонизацијата зазела 2,39%, а во северните краишта 17,9%, тој процент во Македонија изнесувал 52,44%. Според тоа, на колонистите во Македонија им е дадено 52,44% од вкупната земја опфатена со аграрната реформа, а на македонските селани 39,55%. Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственичките односи, промени и процеси во Македонија 1944-1953*, (Скопје: Институт за национална историја, 1998), 39-51.

[26] На 20 декември 1919 година, на состанокот на ЦК ВМОРО (Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација), бил усвоен официјалниот назив ВМРО. Целта на ВМРО била извојување автономија и обединување на распокинатите делови на Македонија. Александар Протугеров, водач на ВМРО, изјавил дека се воздржувал од четнички акции поради очекување на решенијата од Мировната конференција. Но, откако биле изневерени сите очекувања, било договорено да се почнат подготовки за обновување на оружената борба во Македонија под српска и грчка власт. Даринка Пачемска-Петреска, *ВМРО 1918-1934 – хронологија*, (Скопје: Филозофски факултет, 2004), 25.

[27] Воислав Д. Кушевски, *Македонското прашање во Друштвото на народите*, (Скопје: Менора, 2001), 15.

вооружени провокации го исполнувале балканското секојдневје, особено до 1934 година.[28] Притоа, жртва на провокациите и на одмаздничките акции на властите најчесто било мирното македонско население.

Во Вардарска Македонија бил концентриран огромен број од безбедносните сили, во прв ред од жандармеријата. На сите поважни места биле изградени жандармериски станици. Напоредно со жандармеријата и војската постоеле многубројни паравоени организации, како таа на Јован Бабунски и други заради заштита од големиот број атентати што ги извршувале четите на ВМРО (автономистичка) вметнати од Бугарија.[29] На одредени места во некои региони било забрането секакво движење на луѓето, од зајдисонце до изгрев. Малтретирањата од двете страни, ограбувањата и убиствата биле секојдневје.[30] Покрај безмилосниот терор и одмаздите на српските власти врз недолжното население, биле организирани масовни судски процеси.[31] Типичен пример во тој поглед претставуваат судските

[28] Бугарските власти во 1934 година беа принудени да го забранат дејствувањето на ВМРО во Бугарија. Така, набрзо дојде до приближување на односите со Југославија. ДАРМ, 1.1396.4.33 / 113-123/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1933-1934, k-6); ДАРМ, 1.1396.3.125 / 684-687/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Sofia).

[29] Поради неколкуте убиства на српски приврзаници-четници во источниот дел на Вардарска Македонија, српските власти во 1923 година создаваат посебна организација – „Здружение за борба против бугарските бандити". Виолета Ачкоска, Никола Жежов, op.cit, 165-166.

[30] За состојбите што владееле во овој дел на Македонија најдобро зборуваат следниве податоци: до 1926 година, без какво и да е иследување и судење, биле убиени 1.600 Македонци; само во 1924 година владата на Љуба Давидовиќ во Македонија амнестирала 18.000 затвореници; во периодот 1924-1926 година низ затворите во Македонија и во Србија поминале повеќе од 30.000 Македонци; 14 села биле запалени од жандармеријата и контрачетите итн. *Сто македонски години*, ред. Јован Павловски, (Скопје: МИ-АН, 2004), 178-215; *Историја на македонскиот народ*, ed. Тодор Чепреганов, (Скопје: Институт за национална историја, 2008), 226.

[31] Кон крајот на 1927 година министерот за внатрешни работи на Кралството СХС ги повикал во Белград сите жупани од Македонија и им наложил да се ликвидираат сите стари членови на Македонската револуционерна организација, без оглед на тоа какво им е држењето. Врз основа на оваа одлука, многу Македонци, без вина, и без судење, на подмолен начин биле убиени од српските власти. (ДАРМ, подрачно одделение Битола, ф: „Богоја Фотев", к-2, ае: 22/289).

процеси по убиството на еден српски генерал во Штип[32] против група студенти во Скопје, многубројните политички убиства итн.[33]

Со воведување на вонредната уредба, т.н. „Обзнана" (31 декември 1920 година), со која се забрани легалната комунистичка дејност, потоа и со Законот за заштита на државата (2 август 1921 година), па сè до 6 јануари 1929 година, во Вардарска Македонија фактички постоел воен режим. Атмосферата на севкупниот парламентарен живот била одредена од специфичните историски околности на поделен и непризнаен народ, лишен од национални права, постоење репресивна политика на властите,[34] непросветеност на граѓаните, економска неразвиеност итн. Македонците не можеле јавно и легално преку институциите на системот да бараат остварување на своите витални барања: решавање на економско-социјалното прашање, националното прашање, спроведување праведна аграрна реформа и други барања. Бидејќи немале право да се организираат во легална партија со македонска национална програма, тие се организирале илегално и создавале револуционерни организации и здруженија, или ги поддржувале оние партии кои со прокламираните принципи, задачи и цели во своите програми најмногу се доближувале до дел од национално-политичките и социјалните барања и интереси на Македонците.

Во наведениот период, во јужната српска покраина дејствувале самостојно повеќе граѓански политички партии. Српскиот режим ги фаворизирал Радикалната

[32] На 5 октомври 1927 година бил извршен атентат над бригадниот генерал од Брегалничката дивизија, Михајло Ковачевиќ. По атентатот, власта презела опсежни безбедносни операции, во кои вклучила огромна доза терор и апсења насочени и кон роднините и блиските на атентаторите. На 13 јануари 1928 година во Скопје атентаторката Мара Бунева го убила правниот референт Велимир Прелиќ, кој од страна на ВМРО се сметал за одговорен за судењето на членовите на ММТРО (Младата македонска тајна револуционерна организација), која претставувала подмладок на ВМРО во Вардарска Македонија. Судскиот процес против припадниците на ММТРО бил одржан на 5, 6 и 7 декември 1927 година во Скопје. Студенти биле изложени на свирепи измачувања. Виолета Ачкоска, Никола Жежов, op.cit, 279-286.

[33] ДАРМ, 1.1396.5.13/46-50/ (ÖSTA, AdR, Bundesmisterium für ÄuBeres, Res-Akten, Gesandschaft Belgrad, 1927-1929, k-13).

[34] Во Меморандумот кој на 10 септември 1927 година беше упатен до Конгресот на националните малцинства во Женева, покрај другото, се наведува: „Во Македонија под српска власт сите белградски влади... во однос на Македонците спроведуваат една иста политика: да го изменат националниот карактер на таа земја, да го асимилираат и денационализираат нејзиното население. За постигнување на таа цел, владите прибегнуваа кон најодвратни средства и тоа го вршеа пред очите на претставниците на европските големи сили. Македонскиот народ, т.е. сите националности што живееја и живеат таму... се лишени од секави политички и граѓански права". Во Меморандумот натаму се наведува дека „македонскиот народ е ставен надвор од законите. Затворања, мачења, тешки пресуди, многу често смртни пресуди, убиства. Тоа се таму чести појави. Таму се вршат и масовни убиства... Теророт во овој дел од Македонија е едно од средствата што досега секоја српска влада го применувала и тоа не само преку својата војска, полиција, жандармерија, туку и преку бившите и сегашните четници, како што се Пеќанац, Трбиќ, Каламатиев и стотина други џелати". (Владимир Ортаковски, op. cit., 133-134)

и Демократската партија, кои се изјаснувале за централизам и за монархијата Караѓорѓевиќ. Радикалната партија, како прва официјална партија во Србија (1881), била на власт, самостојно или во коалиција со други партии, до 1929 година.[35]

Особено влијание во Македонија имала Демократската партија на Љуба Давидовиќ, која била организациски добро поставена. Таа имала регионално раководство кое одржувало свои конгреси и настојувало да се носат (барем формално) документи од интерес за областа. Ова произлегувало и од ставот на Демократската партија, која покрај залагањето за централистичко уредување, се застапувала и за локална самоуправа.[36] И Демократската, како и Радикалната партија ја сметале Македонија за составен дел на Србија.

Во Македонија имала влијание и Земјоделската партија, формирана во 1919 година, со цел да ги собере селаните во едно политичко движење. Нејзиното влијание се ширело брзо низ државата, но тоа било сопрено поради внатрешни судири и разидувања кои се појавиле во нејзините редови. Во 1927 година, во неа влегла групата на Драгољуб Јовановиќ како левичарска.[37]

Извесни симпатии кај дел од македонската интелигенција имала Републиканската партија, формирана во 1920 година. Таа не можела да постигне позначајни успеси на парламентарните избори, бидејќи нејзината дејност била попречувана со многубројни опструкции од страна на режимот.[38]

Покрај српските граѓански партии, била организирана и турската национална партија („Џемиет“), која во најголема мера ги штитела интересите на турските големопоседници. Оваа партија успеала да го исполитизира аграрното прашање со кое требало да се стави крај на феудалните остатоци, особено на планот на аграрно-сопственичките односи на „југот“. Во рамките на политичките пазарења со режимските партии, претворајќи го прашањето за одземањето на беговските имоти во некакво муслиманско национално прашање, претставниците на „Џемиет“ придонесоа да биде изгласан Уставот од 1921 година.[39]

---

[35] Радикалната партија прва даде идеја за колонизација на Македонија, уште во рамките на српската пропаганда при крајот на 19 век. Радикалната влада на чело со Никола Пашиќ донесе и прв официјален акт за колонизација на Македонија (Уредбата за населување од 1914 година). Српската колонизација ќе се реализира по 1919 година. (Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија,* (Скопје: Мисла, 1990), 168).

[36] Југословенската демократска партија беше основана во февруари 1919 година во Сараево со спојување на неколку граѓански политички партии. Се залагала за централизам и монархизам, односно за уставна парламентарна монархија на чело со династијата Караѓорѓевиќ. Својата програма ја дооформила на Конгресот во Белград во октомври 1921 година. За нејзин шеф е избран Љуба Давидовиќ. (Архив на Институтот за национална историја (А ИНИ), ф: Неџат Јашар, к-IV, папка IX/6).

[37] Драгољуб Јовановиќ ќе пројави особена активност во Македонија во периодот од средината на 1930-тите години до предвечерието на Втората светска војна. А ИНИ, ф: Неџат Јашар, к-IV, папка IX/10.

[38] А ИНИ, ф: Неџат Јашар, к-IV, папка IX/9.

[39] Александар Апостолов, op. cit., 174-176.

Ниту една од многубројните граѓански партии во Кралството немала програма околу македонското национално прашање и неговото решавање. Српските политички партии имале консензус во однос на „српскиот" карактер на Македонија. Македонците како Срби (Јужносрбијанци) можеле да учествуваат во српските политички партии, да се кандидираат на нивните листи за пратеници во Народната скупштина во Белград. Најголем број од овие партии настојувале да го прошират политичкото влијание во Македонија и да добијат поголема поддршка на парламентарните и на локалните избори. Сите парламентарни избори до 1929 година, во 1920, 1923, 1925 и во 1927 година, српските власти ги користеле за агитација и за собирање на гласовите на Македонците, Турците, Албанците и други, без посериозно да се ангажираат во решавање на многубројните проблеми.

Покрај наведените граѓански партии, во Македонија дејствува и Комунистичката партија на Југославија (КПЈ). КПЈ беше единствената политичка партија која во периодот меѓу двете светски војни (по 1924 година) ја призна посебноста на македонскиот народ, но која од 1921 година до предвечерието на нападот на силите на оската врз Југославија се наоѓаше во длабока илегала.[40]

Првата социјалистичка организација во Македонија по Првата светска војна е основана во Скопје на 9 февруари 1919 година, а со проширувањето на уставните права, до крајот на годината, речиси во сите градови во Македонија: Скопје, Велес, Битола, Кавадарци, Штип, Куманово, Гевгелија, Прилеп, Охрид, Неготино и Тетово изникнале социјалистички организации. Овие организации биле раководени од Областен секретаријат за Македонија и Стара Србија, чијашто дејност била подредена на Покраинскиот извршен одбор на Србија во Белград. По Вуковарскиот конгрес (јуни 1920 година) кога Социјалистичката работничка партија го добила името Комунистичка партија на Југославија (КПЈ), во Македонија била формирана Организација на жените - социјалистки (комунистки). Оваа организација покажала особена активност во Скопје, Кавадарци и во Куманово во текот на изборите во 1920 година.[41]

Поради режимот на специјални уредби (воспоставен во 1914 година) во Македонија, во рамките на конституирањето на Привременото народно претставништво во Белград не биле спроведени вистински парламентарни избори. Во Македонија, во март 1919 година биле избрани народни претставници според посебен владин распис. Властите со сите средства на убедување и притисок ги наметнале своите кандидати Срби или проверени приврзаници на српството во Македонија.[42] Извесно нормализирање на состојбите настанува во август 1919 година кога била проширена важноста на српскиот устав од 1903 година. Иако

[40] Кирил Миљовски, *Македонското прашање во националната програма на КПЈ (1919-1937)*, (Скопје: Култура, 1962), 59-70; Иван Катарџиев, *Историја на македонскиот народ*, 4, (Скопје: Институт за национална историја, 2000), 351.

[41] Даринка Пачемска-Петреска, *Малешевијата низ историјата (1912-1945)*, книга втора, (Берово: Општина Берово, 2003), 146-147.

[42] Даринка Пачемска-Петреска, op. cit., 105.

важноста на уставот не била воспоставена на целата територија на Вардарска Македонија, сепак, тоа претставувало важен чекор во заживувањето на политичкиот живот.

Во текот на 1919/1920 година, српските граѓански политички партии во Македонија започнале да се организираат во вид на т.н *конституциони клубови.* Нивната активност во почетокот била сведена на работа околу организациската поставеност и вклучување во нивните редови нови членови од месното население. Притоа, бил евидентен пасивниот отпор на населението. Малкумина од Македонците сакале да се вклучат во овие српски партии кои им биле наметнати однадвор и ги чувствувале како туѓи. Најчесто, во градовите и во местата каде што не можеле да добијат поддршка од претставници на локалното население, српските политички партии барале поддршка „кај корумпираните и кариеристички елементи и кај лицата од српска народност. Тие ќе се погрижат да присоберат малку приврзаници за своите теснопартиски интереси. Поради тоа, и дејноста на овие партии се чувствуваше само околу одржувањето на парламентарните и општинските избори“.[43]

Политичкатаситуацијабиламошнесложенаиобременетасоспротивставените активности на режимските политички партии, ВМРО (автономистичка) и подемот на социјалистичкото и комунистичкото движење. Ширењето на револуционерните идеи, од една страна, и акциите на ВМРО, од друга страна, создавале нервоза кај српските владејачки кругови. Затоа, во текот на кампањата за општинските и за парламентарните избори (22 август и 28 ноември 1920 година) дошло до натамошно зголемување на паравоените формации (формирање специјални летачки чети) кои под наводната борба против бугарашите и комунистите го тероризирале македонскиот народ.[44] Истовремено се вршеле политичките групирања и биле присутни обидите на граѓанските политички партии да го наметнат посилно своето влијание на „југот“.

За време на општинските и парламентарните избори (изборите за Уставотворно собрание) во 1920 година, битката за гласовите се водела помеѓу КПЈ, режимските партии (Радикална и Демократска) и „Џемиет“, иако свои листи истакнале уште и Демократската муслиманска партија и Републиканската партија. КПЈ во предизборната кампања настапувала со платформа во која ги осудувала двете присутни пропаганди во вардарскиот дел од Македонија: големосрпската и големобугарската. Истовремено, нејзината социјална програма била прифатлива за најголемиот број од населението притиснато од тешката егзистенцијална положба. Поради таквите состојби, на општинските избори во август 1920 година, КПЈ ги добила изборите во Скопје, Велес, Куманово и во Кавадарци каде што биле формирани општински управи („црвени комуни“). Во Битола и во Прилеп,

[43] Зоран Тодоровски, Надежда Цветковска, *Велес меѓу двете светски војни (1919-1941)*, (Скопје: Менора, 2007), 53-54.

[44] Иван Катарџиев, *Историја на македонскиот народ*, 4, (Скопје: Институт за национална историја, 2000), 139-140.

КПЈ добила, исто така, голем број одборнички места.[45] Според австриски извори, „резултатите од изборите во Македонија и во Стара Србија, кои ненадејно доведоа до избор на голем број комунистички пратеници, исто така, зборуваат дека нерасположението во овие подрачја е големо и дека преку вешта агитација тоа беше ориентирано во комунистичките води, бидејќи речиси не е можно отворено истапување во националистичка насока".[46]

Исплашена од подемот на комунистичкото движење, Владата воведува вонредни одредби, односно на 31 декември 1920 година ја носи „Обзнаната", со која била забранета легалната дејност на КПЈ, а потоа и Законот за заштита на државата (2 август 1921 година). Набрзо, во општините што добиле комунистички општински претставништва, на 23 јануари 1921 година биле одржани нови избори, бидејќи конституирањето на комунистичките општински управи никаде не беше дозволено. Овој пат насекаде беа истакнати заеднички листи на сите граѓански партии, а нивниот успех „помалку се заснова на нивното коалицирање, а повеќе врз острото постапување на Владата против комунистите...".[47]

По донесувањето на наведените недемократски акти, повеќе немало никакви можности за легална политичка борба. Тоа им погодувало на оние сили кои се организирале за илегален отпор. Забраната на КПЈ придонесла за експанзија на беззаконието во Вардарска Македонија каде што бил овозможен уште посилен продор на режимските партии и нивната пропаганда на големосрпски позиции. Од друга страна, користејќи го незадоволството на Македонците од засилениот притисок за србизација и политичко насилство, ВМРО (автономистичка) постојано е присутна на теренот со вооружени чети и акции. Наспроти нив се наоѓале организираната српска жандармерија, војска и контрачетничките српски потери, кои го бранеле опстанокот на државата.[48] Поради тоа најмногу бил погоден македонскиот народ, кој бил принудуван да ги прима, да ги храни, да им дава податоци и да ги трпи

---

[45] По гласањето на парламентарните избори (28 ноември 1920 година) во кое учествувале 105.000 од вкупно 196.000 избирачи, КПЈ добила 15 мандати, Демократската партија - 11 мандати, Националната турска партија „Џемиет" - 5 мандати, Радикалната партија - 2 мандата, додека другите партии не добиле ниту еден мандат. Иван Катарџиев, op. cit., 147-148.

[46] ДАРМ, 1.1396.4.2 / 2-4 / ÖSTA, Arhiv der Republik, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1919-1921, k-1. (http://oesta.gv.at).

[47] Австрискиот претставник во Белград, Хофингер, на 28 јануари 1921година го известува сојузниот канцелар Михаил Маир: „Бидејќи сите комунистички весници се забранети, сите партиски организации распуштени и мнозинството од водачите, како и еден процент од партиските членови е затворен, се разбира дека не можеше да стане збор за изборно движење од страна на комунистите. Во Скопје изгледа дека дури ни поставувањето на една комунистичка листа воопшто не било дозволено, бидејќи таму имало само една „Работничка листа" во изборната кампања" (ДАРМ, 1.1396.4.4 / 9 / ÖSTA, Arhiv der Republik, Bundesmisterium für ÄuBeres, Gesandschaft Belgrad, 1919-1921, k-1).

[48] Љубомир Петровиќ ги анализира овие состојби од гледна точка на државата. Љубомир Петровиќ „У окружењу унутрашњег непријатеља. Неки видови борбе Краљевине СХС против комуниста и антијугословенских националиста 1918-1921", *Историја 20 века*, 27, 2 (2009), 21-36.

заканите, малтретирањата и казните и од едните и од другите. Тоа бил период на „мала војна". Во такви услови тешко можело да се зборува за некаков политички живот и еднакви слободи и права на сите граѓани, особено во предизборните борби и за време на парламентарните и општинските избори кои биле спроведувани под силен притисок и заплашување, до воведувањето на диктатурата во 1929 година, кога сосема било забрането дејствувањето на сите партии.

По парламентарните избори, на 12 декември 1920 година било свикано Уставотворното собрание на Кралството СХС. Во дискусиите за донесувањето на уставот се издиференцирале две гледишта во однос на уредувањето на државата: централизирано и децентрализирано. Застапниците на децентрализацијата дури предлагале Македонија да има своја покраинска самоуправа. На крајот, на 28 јуни 1921 година бил усвоен т.н. Видовденски устав, според кој државата била поставена на строги централистички принципи, со доминација на српскиот фактор.[49]

Уставотворното собрание не било распуштено по донесувањето на Уставот, туку продолжило да работи во облик на законодавно тело. За да се избегнат повторните избори со сите жестоки борби за власт на политичките партии, на 2 јули 1921 година, со кралски указ било свикано Народно собрание. Тоа работело до одржувањето на парламентарните избори на 18 март 1923 година. Во овие избори, дел од антирежимски настроените Македонци се ориентираа особено кон Демократската партија. Истовремено била истакната една листа на Независната работничка партија на Југославија (НРПЈ) зад која се криеше забранетата КПЈ.[50]

Ова е период на постојани парламентарни кризи, бидејќи ниту едно од избраните собранија не го издржува мандатот од четири години.[51] Во Вардарска Македонија, изборите и изборните кампањи и за парламентарните и за општинските претставници се карактеризираа со тоа што раководствата на српските граѓански политички партии бескрупулозно ги наметнувале своите кандидати (или наметнувале помал број верни кон нив локални претставници), служејќи се со притисок, измами и демагошки ветувања.

По општинските и парламентарните избори во 1923 година, следните парламентарни избори беа одржани во февруари 1925 година. По овие избори, изборите во септември 1927 година го покажале фактот дека организационо партиите стојат сè послабо, а идеолошки се сосема испразнети. Дел од македонските комунисти направиле обид за заедничко настапување на изборите со Хрватската селска странка (ХСС) на Степан Радиќ, но обидот беше неуспешен.[52] На овие

[49] Иван Катарџиев, op. cit.,153.

[50] ДАРМ, ф: Министерство за внатрешни работи на Југославија (март 1923).

[51] Така, можат да се определат три кратки собраниски периоди: прв, од март 1923 до мај 1924 година, втор од февруари 1925 до 18 јуни 1927 година и трет од септември 1927 до 6 јануари 1929 година. Надежда Цветковска, „Парламентаризмот - преоден период во историјата на вардарскиот дел на Македонија меѓу двете светски војни", *Транзициите во историјата и културата,* (Скопје: Институт за национална историја, 2008), 159.

[52] Со одбивањето на овој предлог се увиде дека ХСС се стреми да ја подели власта со српската и со словенечката буржоазија и се плаши да заземе став во однос на вардарскиот дел од

последни парламентарни избори пред воведувањето на диктатурата, веќе ги немало големите српски партии од првите години на Кралството. Тие биле поделени на повеќе помали групации и крила. Дел од партиите во опозицијата, особено од западниот дел на Кралството, повеќе биле преокупирани со изборите во Хрватска, Словенија и во Босна и Херцеговина. Во Македонија кандидатите биле претежно определувани според нивната политичка улога во дотогашниот општествено-политички живот во државата.

Во периодот од 1925 до 1929 година, во Македонија дејствува уште една нелегална националноослободителна организација – ВМРО (обединета), чија главна цел била ослободување, обединување на Македонија и нејзино влегување како посебна држава во рамките на една идна балканска федерација. Меѓутоа, таа левоориентирана и прокомунистичка организација била поврзана со дејноста на КПЈ и успеала да создаде свои организации и групи само во неколку града во Македонија, во кои имало комунистички организации.[53]

Кризата на парламентаризмот ќе достигне кулминација во средината на 1928 година со атентатот врз првенците на ХСС во Народното собрание. Кралот ќе настапи со ветување дека меѓу него и народот не смее да има посредник и на 6 јануари 1929 година воведува диктатура. Со тоа, за неколку години била прекината агонијата на парламентарниот живот во Кралството. На идното политичко организирање режимот настојувал да му даде пројугословенска и космополитска содржина. Во овие рамки, продолжило негирањето на посебноста на македонскиот народ, кој дури во текот на Втората светска војна ќе се избори за национална рамноправност и за правото на државотворност.

---

Македонија, што ќе биде поинаков од официјалниот српски став. Зоран Тодоровски, Надежда Цветковска, op. cit., 143-144.

[53] Даринка Пачемска-Петреска, op. cit., 112.

***Литература:***


Архив на Институтот за национална историја (А ИНИ), ф: Нецат Јашар, к-IV, папка IX/6, к- IV, папка IX/9; IX/10.,

Државен архив на Република Македонија (ДАРМ), 1.1396.4.2/ 2-4/ ÖSTA, Arhiv der Republik, Bundesmisterium für Äußeres, Gesandschaft Belgrade, 1919-1921, k-1; k-26, k-13, k-33.

ДАРМ, ф: Филозофски факултет, к-1 (1919-1941); к-2 (1922-1940)

ДАРМ, п.о. Битола, ф: „Богоја Фотев", к-2, ае: 22/289

*Српски документи за историјата на Охридско-струшкиот регион (1890-1940),* ed. Павле Митрески (Струга: 2002)

„Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914", *Српски извори за општествено-политичката, економската и културно-просветната положба во Македонија по Балканските војни*, ed. Глигор Тодоровски (Скопје: Институт за национална историја, 1979)

Виолета Ачкоска, Никола Жежов, *Предавствата и атентатите во македонската историја,* (Скопје: Макавеј, 2004)

Виолета Ачкоска, „Историјата како потреба – помеѓу минатото и сегашноста," *Годишен зборник – Филозофски факултет - Скопје*, 61, (2008), 217-233.

Виолета Ачкоска, *Аграрно-сопственичките односи, промени и процеси во Македонија 1944-1953*, (Скопје: Институт за национална историја, 1998)

Владан Јовановић, *Вардарска бановина 1929-1941,* (Београд: Институт за новију историју Србије, 2011)

*Историја на македонскиот народ,* ed. Тодор Чепреганов, (Скопје: Институт за национална историја, 2008)

Славко Милосавлевски, *Социологија на македонската национална свест,* II, (Скопје: Љуботен, 1997)

Стојан Киселиновски, *Етничките промени во Македонија (1913-1995),* (Скопје: Институт за национална историја, 2000)

Владимир Ортаковски, *Малцинствата на Балканот* (Штип, Скопје: "2-ри август", 1998)

Љубодраг Димић, „Србија 1804-2004 (суочавање са прошлошћу)", in *Србија 1804-2004 – три виђења или позив на дијалог,* ed. Милан Ристовић (Београд: Удружење за друштвену историју, 2009)

Коста Николић, „Српски 20. век – век изгубљене историје", *Историја 20. века*, 26, 2 (2008)

Бранко Петрановић, *Историја Југославије 1918-1978*, (Београд: Нолит, 1980)

*Сто години ВМРО. Златна книга,* (Скопје: Глас на ВМРО-ДПМНЕ, 1993);

Манол Пандевски, „Македонското ослободително движење меѓу 1903 и 1918 година: развојни фази, внатрешни диференцијации, политички групации, појави и облици", in *Македонија во војните 1912-1918,* ed. Манол Пандевски (Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 1991)

Д-р Јевто Дедијер, *Нова Србија*, (Београд: Штампарија „Доситеј Обрадовић", 1913)

Даринка Пачемска-Петреска, *ВМРО 1918-1934 – хронологија*, (Скопје: Филозофски факултет, 2004)

Даринка Пачемска-Петреска, *Малешевијата низ историјата (1912-1945),* книга втора, (Берово: Општина Берово, 2003),

Ханс-Лотар Штепан, *Македонскиот јазол – идентитетот на Македонците прикажан на примерот на балканскиот сојуз (1878-1914)* (Скопје: АЗ-БУКИ, 2004)

Милорад Екмечић, *Ратни циљеви Србије 1914*, (Београд: Просвета, 1990)

Марија Јовановиќ, *Просветно-политичките прилики во Вардарскиот дел на Македонија (1918-1929),* (Скопје: Институт за национална историја, 1983), 120-123;

Кирил Миљовски, *Македонското прашање во националната програма на КПЈ 1919-1937,* (Скопје: Просвета, 1962), 62;

Климе Џамбазовски, „Средните училишта во Прилеп меѓу двете светски војни“, in *Прилеп и Прилепско меѓу двете светски војни 1918-1941,* 3, (Прилеп: Друштво за наука и уметност, 1988),

Воислав Д. Кушевски, *Македонското прашање во Друштвото на народите,* (Скопје: Менора, 2001)

Александар Апостолов, *Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија* (Скопје: Мисла, 1990

Кирил Миљовски, *Македонското прашање во националната програма на КПЈ (1919-1937),* (Скопје: култура, 1962), 59-70;

Иван Катарџиев, *Историја на македонскиот народ*, 4, (Скопје: Институт за национална историја, 2000)

Зоран Тодоровски, Надежда Цветковска, *Велес меѓу двете светски војни (1919-1941)*, (Скопје: Менора, 2007).

*Violeta ACHKOSKA*

# POLITICAL CONDITIONS AND PARLIAMENTARY LIFE IN MACEDONIA AS PART OF SOUTHERN SERBIA, 1919-1929*

***Summary***

*This paper deals with some of the more characteristic moments which mark the state of Macedonia as a southern Serbian province in the early phases of parliamentary life in the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes from 1919 to 1929. A brief overview of the period from 1903 to 1918 is provided, an invaluable period without which there can neither be analysis of the Macedonian 'lengthy' 20th century, nor of the history of parliamentarism in Macedonia as a southern Serbian province. The denial of the Macedonian national particularity, the economic theft and the political violence all resulted in discontent among the whole of the Macedonian population, save some exceptions who were working for the Greater Serbian regime. The lack of economic development, as well as the lack of enlightenment evident in the Macedonian people due to the lengthy period of foreign rule over Macedonia, furthermore, the lack of democratic traditions and political organization, the feelings of national inferiority, and so on, completely stunted the potential for development and the normal functioning of parliamentary life. At the same time, there was no respite from the diplomatic games of the Balkan states, which, following the division of Macedonia, had aspirations to change the borders in their favor. As a result of the activities carried out by the Internal Macedonian Revolutionary Organization (autonomous), which, aided by Bulgaria, infiltrated armed groups into Macedonia, as well as the retaliation carried out by the Serbian gendarmerie, military and paramilitary formations, the Macedonian people were subjected to awful terrors. In the paltry parliamentary life that existed in Macedonia, the pro-regime Serbian parties dominated, as a result of which the Macedonians were in no position to fulfill their political, national and social needs.*

***Keywords:*** *SOUTHERN SERBIA, MACEDONIA, POLITICAL PARTIES, PARLIAMENTARISM, ASSIMILATION.*